Црвен крст на Република Северна Македонија
-Општинска организација Виница
Бр. 0302-208
10.11 20 26 год.
Виница

Црвен крст на Република Северна Македонија
Општинска организација Виница

ул. „Бел Камен“ бр. 12, Виница

Тел/Факс: 033/363-305

e-mail: vinica@redcross.org.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 10 11 2026			
Орг.Един:	Број:	Прилог	Вредност
05	225/12		

Дата: 10.11.2026
Наш број: 0302-208

До: Совет на локална самоуправа Виница

Предмет : Барање за финансиска поддршка

Општинската организација на Црвениот крст Виница бара средства во износ од **250.000 денари**, за унапредување на крводарителството и поддршка на младите.

Нашето барање со наведениот број го доставивме со цел дека повеќе деценискиот успех во делот на крводарителството во државата се темели на успешната соработка и подршка со локалната самоуправа. Исто така, за поддршка на волонтерите од Клуб на млади кои особено покажуваат добри и успешни резултати на секое поле претставувајќи ја општина Виница во најдобро светло.

Како рекордери во крводарителството сметаме дека крводарителите во Виница заслужуваат многу повеќе. Само за споредба во некои општини подршката е и до десет пати поголема. Во однос на минатата година, иако не беше одобрена истата оваа сума, сепак и оваа година сме со истото побарување иако резултатите на успех на ОО Црвен крст Виница се во пораст како и потребата за поддршка.

Исто така сметаме дека е од заеднички општествен интерес и ангажирањето на Црвениот крст, особено во делот при помош на поединци односно наши сограѓани, за што Црвен крст Виница на годишно ниво собира донации во форма на финансии речиси половина од годишниот буџет со кој располагаме. За жал, во општина Виница се’ почеста е побарувачката за финансиска помош особено за лекувања.

Во некои од активностите во делот на крводарителство и финансиска помош при работата на волонтерите, Градоначалникот на општина Виница и преставници од Советот на општината официјално и неофицијално даваат целосна морална поддршка, со што нашиот заклучок е дека можеби оваа година работата на Црвениот крст во Виница како

единствена хуманитарна организација која опфаќа широк спектар на сектори и услуги – ќе биде вреднувана во однос на побараните средства.

Ви Благодариме.

Виница
10.11.2026
Доставено и до:
Архива и Совет на општина Виница

ОО Црвен крст Виница
ВД Секретар
Маја Спасова